Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 19.09.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 43 | 5948/1 | | |

The Institute of Internal Auditors Macedonia

ЗДРУЖЕНИЕ НА ВНАТРЕШНИ РЕВИЗОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 15 Септември 2017 година

ДО: **Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија**

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Внимание: To Whom it may Concern

Предмет

**БАРАЊЕ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БАНКИ, ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕТО И ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА**

од Здружението на внатрешни ревизори на Македонија
IIA MACEDONIA –Institute of Internal Auditors Macedonia

Почитувани,

Со овој Допис ги наведуваме ставовите, предлозите и барањата на Здружението на Внатрешните ревизори кои се во насока на унапредување на професијата внатрешна ревизија во Република Македонија.

Професијата внатрешна ревизија е регулирана со Меѓународни стандарди за внатрешна ревизија, кои претставуваат водилка за професионално и компетентно извршување на активностите и примена на Кодексот на етика од страна на внатрешните ревизори. Стандардите се изработени и објавени од страна на Институтот на внатрешни ревизори, со седиште во САД (Institute of Internal Auditors, во понатамошниот текст: IIA Global). IIA Global претставува меѓународно здружение со повеќе од 180 илјади членови од над 190 земји, од кои повеќе од 100 илјади се овластени внатрешни ревизори. Ова здружение е глобалниот глас на професијата внатрешен ревизор, каде се препознаваат професионални ревизори од сите сфери на работењето.

Тргнувајќи од желбата внатрешната ревизија да се развива на ниво на признаена, регулирана и динамична професија, по иницијатива на група на внатрешни ревизори во јуни 2008 година во Македонија е основано Здружение на Внатрешните Ревизори на Македонија како подружница на IIAGlobal, кое во ноември 2012 доби статус на Институт, односно рамноправен член на IIAGlobal. Стекнувањето на статусот претставува признание за исполнување на условите и барањата на IIA Global и континуирана усогласеност со истите. Тековно Здружението брои околу 140 членови, при што доминантно учество имаат внатрешни ревизори од банкарскиот сектор.

Здружението е главен промотер на сертификацијата Овластен внатрешен ревизор (CIA – Certified Internal Auditor) и други сертификати кои ги нуди IIA Global, како и други сертификати од професионални организации (IIA Стандарот 1210 – Способност). CIA е глобално признаен сертификат за внатрешни ревизори преку кој се потврдува и докажува компетентноста и професионализмот во областа на внатрешна ревизија. Со тоа, стекнувањето со овој сертификат

претставува меѓународно признаена потврда за високиот степен на професионалност и познавање на оваа професија и прифаќање и почитување на Кодексот на етика од страна на поединецот.

The Institute of Internal Auditors Macedonia

ЗДРУЖЕНИЕ НА ВНАТРЕШНИ РЕВИЗОРИ НА МАКЕДОНИЈА

**Барања за промена во Законот за Банки и Законот за супервизија на осигурување**

Имајќи го во предвид разбирањето, препознавањето и значајноста на внатрешната ревизија како професија во меѓународни рамки, доколку се направи споредба со домашната регулатива и воопшто со самото разбирањето на внатрешната ревизија во стручната јавност, сметаме дека постои простор за понатамошни подобрувања и појаснувања. Законот за банки и Законот за супервизија во осигурувањето регулираат дека функцијата на внатрешна ревизија е задолжителна во банките и осигурителните друштва, при што најмалку еден од лицата вработени во внатрешната ревизија треба да биде овластен ревизор, **што согласно локалната регулатива се однесува само на надворешните ревизори.** Најверојатно тоа се должи на фактот дека кога се креирала регулативата за внатрешна ревизија не постоело тело како што е Здружението за внатрешни ревизори на Македонија кое е формирано пред краток период, кое би ја промовирало оваа професија и како таква и би ја потенцирало нејзината улога, значајност и засебност во однос на другите професии. Здружението за внатрешни ревизори на Македонија има сознанија дека се подготвуваат измени и дополнувања на Законот за банки, во насока на подобрување на досегашната законска регулатива која го регулира работењето на банките во Република Македонија.

**Наше барање е** во насока на развивање и промовирање на улогата и значајноста на внатрешната ревизија како засебна професија преку признавање на сертификацијата Овластен внатрешен ревизор (CIA – Certified Internal Auditor) и други сертификати кои ги нуди IIA Global, како и други сертификати од професионални организации (во согласност со IIA Стандардот 1210 – Способност). Истото сметаме дека треба да спроведе со **проширување на членот во Законот за банки** кој регулира дека најмалку еден од лицата вработени во Службата за внатрешна ревизија треба да е овластен ревизор **со дополнување "најмалку едно од лицата во Службата за внатрешна ревизија треба да биде овластен ревизор *или овластен внатрешен ревизор согласно IIA Global, односно лице кое поседува CIA сертификат или друг сертификат кои ги нуди IIA Global или друг сертификат за внатрешна ревизија од професионални организации".*** *Член 95 став 5 и Член 91 став 3 во актуелниот Закон за Банките.*

**Истата ваква одредба сметаме дека треба да се стави во Законот за Супервизија на осигурувањето каде што во член 125 е пропишано дека друштвото за осигурување треба да вработи најмалку еден овластен ревизор согласно Законот за ревизија.**

**Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (ЗЈВФК)**

Во членот 33 став 1 од **Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (ЗЈВФК)** стои: "Единицата за внатрешната ревизија е организациски и функционално независна и директно и единствено одговара на раководителот на субјектот од јавниот сектор ". Според вообичаената организациска поставеност одреден број субјекти како Министерство за транспорт и врски, Министерство за здравство, Министерство за финансии, Министерство за одбрана, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Судски совет, Генерален секретаријат на владата, Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и рурален развој, Агенција за вработување, ЈП за радиодифузија исто така и на ниво на локалната самоуправа ревизијата е поставена на ниво на Сектор, иако со еден вработен-раководител на Сектор(ниво Б2). Во голем број субјекти, ревизијата е организирана на ниво на Одделение(Раководител ниво Б4 и останатите вработени ревизори со различни нивоа од степенот В), што е причина за големи отстапувања од горенаведениот член и отстапување од позитивните законски прописи. Во систематизациите на работни места, работните места на внатрешната ревизија се пониско рангирани од други работни места за кои не се потребни посебни квалификации, како кај внатрешната ревизија, односно да поседува посебни квалификации, сертификат за овластен внатрешен ревизор. За стекнување на овој сертификат, потребна е едногодишна обука во областа ревизија. По завршување на две години стаж (во ревизија) лицето ревизор на обука, се стекнува со право да полага испит за овластен внатрешен ревизор, за што е потребно да положи четири испити. Истиот испит, кој беше организиран од страна на CEF Словенија и Министерството за финансии, на ниво на меѓународен сертификат, повеќе не се организира. Нема организирано испит, ни на национално ниво. Сметаме дека начинот за стекнување на сертификатот за овластен внатрешен ревизор во јавен сектор, да биде регулиран со правилник на Министерството за финансии, а не со законот за ЈВФК.

Голем број искусни, овластени внатрешни ревизори во јавниот сектор носители на меѓународен сертификат за внатрешна ревизија се поставени на позиции-ревизор на обука.

Во корелација со стратешката определба на Р.Македонија, за зачленување во Европската Унија, Европската комисија го има развиено концептот на ЈВФК, што претставува внатрешно контролна рамка за јавниот сектор, која земјите-кандидати мора да го исполнат од Поглавјето 32. Во него експлицитно е нагласено дека мора да се воспостави функционално независна ревизија. Во контекст на ова, Извештаите на Европската комисија за Р.Македонија за 2015 година, е констатирано дека треба да воспостави функционално независна внатрешна ревизија во јавниот сектор, со доволен број кадровски капацитети.

Сметаме дека во субјектите од јавен сектор, треба да бидат формирани Комитети за ревизија, со цел зачувување на објективноста и независноста- основните начела на нашата професија.

Доколку Ви се потребни дополнителни појаснувања, информации и искуства од други земји каде горенаведеното барање е веќе имплементирано, стоиме на располагање.

Со надеж за понатамошна соработка,

Срдечен Поздрав,

Билјана Секуловска, ______________________________

Претседател на Управен одбор на Здружение на внатрешни ревизори на Македонија-IIA Macedonia

ЗВРМ Скопје